Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 02-5088/1
04. 12. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 35 став (9) од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Сл. весник на РМ" бр. 6/12, 163/13 и 39/16) Министерот за животна средина и просторно планирање на ____.____.2020 година донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за утврдување на годишните цели за преработка на отпадната опрема за 2021 година

### Член 1

Со ова Решение се утврдуваат годишните цели за преработка на отпадната опрема за 2021 година.

### Член 2

За 2021 година целите за прерабтка на оптпадна опрема ќе се сметаат дека се постигнати, доколку:

1) за отпадна опрема што спаѓа во категориите на опрема од членот 4 став (1) точки 1 - големи домашни апарати и точка 10 – автомати од овој закон, најмалку:

а) стапка на преработка од 75% од просечната тежина по опрема и

б) стапка на повторна употреба и рециклирање на деловите, материјалите и на супстанциите од 70% од просечната тежина по опрема;

2) за отпадната опрема што спаѓа во категориите од членот 4 став (1) точка 3 - опрема за информатичка технологија и телекомуникација и точка 4 - опрема за широка потрошувачка и забавна електроника од овој закон, најмалку:

а) стапка на преработка од 70% од просечната тежина по опрема и

б)стапка на повторна употреба и рециклирање на деловите, материјалите и на супстанциите од 60% од просечната тежина по опрема;

3) за отпадната опрема што спаѓа во категориите од членот 4 став (1) точка 2 - мали домашни апарати, точка 5 - опрема за осветлување, точка 6 - електрични и електронски апарати (освен големи неподвижни индустриски орудија, точка 7 - електрични и електронски играчки и опрема за забава и спорт и точка 9 - инструменти за следење и контрола од овој закон, најмалку:

а) стапка на преработка од 65% од просечната тежина по опрема и

б) стапка на повторна употреба и рециклирање на деловите, материјалите и на супстанциите од 45% од просечната тежина по опрема и

4) за отпадната опрема, сијалици со гасно празнење од Листата на видови на производи од членот 41 став (4) од овој закон, најмалку 75% повторна употреба и рециклирање на деловите, материјалите и на супстанциите од тежината на производот.

### Член 3

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Колективниот постапувач и самостојниот постапувач обезбедуваат повторната употреба на цели уреди како опрема да имаат предност во однос на преработката, преработката на преземената отпадна опрема да има предност во однос на отстранувањето, а при преработката на отпадната опрема повторната употреба на составните делови на отпадната опрема и рециклирање на материјалите да имаат предност во однос на другите начини на преработка.

За постигнување на целите, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина ги утврдува годишните цели за преработка за наредната година во согласност, најдоцна до 15 декември во претходната година за наредната година.

Врз основа на погоренаведеното се донесе решение како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

***Правна поука:*** *Против ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена сметано од денот на примот на ова решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

Бр. 02 - 5088 / 1
04. 12. 2020 година
Скопје